	421110	Електрична енергија	0	30,000	0	0
	421220	Дрва	0	100,000	0	0
	421410	Горива и масла	0	20,000	0	0
	421440	Транспорт на луѓе	0	200,000	0	0
	423110	Канцелариски материјали	0	20,000	0	0
	423120	Списанија,весници и др.изданија	0	20,000	0	0

	423310	Униформи	0	150,000	0	0
	423320	Обувки	0	20,000	0	0
	423410	Прехранбени продукти и пијалоци	0	10,000	0	0
	423510	Лекови	0	10,000	0	0
	423610	Наставно-образовни помагала	0	160,000	0	0
	423620	Училишни материјали	0	100,000	0	0
	423710	Средства за одржување на хигиена	0	40,000	0	0
	423720	Материјали за разни поправки	0	20,000	0	0
	423810	Ситен инвентар	0	20,000	0	0
	423990	Други материјали	0	20,000	0	0
	424210	Одржување на згради	0	225,000	0	0
	424440	Поправка и одржување на друга опрема	0	30,000	0	0
	425250	Осигурување на недвижности и права	0	10,000	0	0
	425740	Дополнителни активности	0	10,000	0	0
	425990	Други договорни услуги	0	30,000	0	0
	426310	Семинари и конференции	0	30,000	0	0
	426990	Други оперативни расходи	0	10,000	0	0
	480190	Купување на друга опрема	0	362,000	0	0
	483190	Купување на друг мебел	0	55,000	0	0
Н20		**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**				
	404150	Други надоместоци	0	500,000	0	0
	421120	Водовод и канализација	0	100,000	0	0
	423110	Канцелариски материјали	0	20,000	0	0
	423610	Наставно-образовни помагала	0	150,000	0	0
	423620	Училишни материјали	0	50,000	0	0
	423990	Други материјали	0	20,000	0	0
	424210	Одржување на згради	0	120,000	0	0
	424590	Одржување на други зелени површини	0	30,000	0	0
	425740	Дополнителни активности	0	60,000	0	0
В10		**ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**				
	421110	Електрична енергија	0	450,000	0	0
	421120	Водовод и канализација	0	135,000	0	0
	421290	Други материјали за греење	0	50,000	0	0
	421320	Телефон и телефакс	0	5,000	0	0
	425990	Други договорни услуги	0	50,000	0	0
	427110	Привремени вработувања	0	300,000	0	0
	464990	Други трансфери	0	245000	0	0
			0	**4,405,000**	**0**	**0**

член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Виница за 2025 година а ќе се објави во Службен гласник на Општина Виница.

Бр.09-82
30-01-25
Виница

СОВЕТ НАОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Ацо Ѓорѓиевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за обезбедување на дополнителни финансиски средства за реализација на Проектот „Енергетски, ефикасен, пристапен и достапен објект за сите“- Општина Виница (Реконструкција и адаптација на административна зграда на општина Виница, Дом на култура „Тошо Арсов“ и Музеј „Теракота“ во Виница)

1.Се објавува Одлуката за обезбедување на дополнителни финансиски средства за реализација на Проектот „Енергетски, ефикасен, пристапен и достапен објект за сите“-Општина Виница (Реконструкција и адаптација на административна зграда на општина Виница, Дом на култура „Тошо Арсов“ и Музеј „Теракота“ во Виница), донесена на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-83/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За обезбедување на дополнителни финансиски средства за реализација на Проектот „Енергетски, ефикасен, пристапен и достапен објект за сите“ - Општина Виница (Реконструкција и адаптација на административна зграда на општина Виница, Дом на култура „Тошо Арсов“ и Музеј „Теракота“ Виница)

Член 1

Со оваа Одлука се обезбедуваат дополнителни финансиски средства од Буџетот на општина Виница за тековната 2025 година за реализација на **Проектот „Енергетски, ефикасен, пристапен и достапен објект за сите“ - Општина Виница (Реконструкција и адаптација на административна зграда на општина Виница, Дом на култура „Тошо Арсов“ и Музеј „Теракота“ Виница) во износ од 1.197.330,00 денари без вклучен ДДВ, односно 1.460.159,00 денари со вклучен ДДВ.**

Член 2

Дополнителните финансиски средства ќе бидат искористени исклучиво за целосна реализација на горе-наведениот проект.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-83
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____

7

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за давање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2025 година на ООУ „Славчо Стојменски“ - Виница

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2025 година на ООУ „Славчо Стојменски“ - Виница, донесена на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-84/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 20-б став 1 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018“ и Службен весник на Р.С.Македонија број 143/2019, 14/2020“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За давање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2025 година на ООУ „Славчо Стојменски“-Виница

Член 1
Се дава Согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на ООУ „Славчо Стојменски“ - Виница, број 01-119 од 12.04.2024 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-84
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

8

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за давање Согласност на Извештај за реализирање на Програмата за работа на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“-Блатец за 2024 година

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност на Извештај за реализирање на Програмата за работа на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“-Блатец за 2024 година, донесена на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-85/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл. весник на РСМ број 275/19, 89/22 и 274/22“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За давање Согласност на Извештај за реализирање на Програмата за работа на ЈП за комунално-производни и услужни работи Кале-Блатец за 2024 година

Член 1
Се дава Согласност на Извештајот за реализирање на Програмата за работа на ЈП за комунално-производни и услужни работи Кале-Блатец за 2024 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-85
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски
9

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница

1.Се објавува Одлуката за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница, донесена на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-86/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 26, 26-а и член 27 од законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ број 275/19, 89/22 и 274/22“) и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Сл.весник на Република Северна Македонија број 283/2022“), Советот на општина Виница објавува:

ЈАВЕН ПОВИК
За избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница

1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на еден член на Надзорниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница.
Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Сл.весник на Република Северна Македонија број 283/2022“).
Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода.

2.ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.
Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Виница www.vinica.gov.mk и на страната на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница www.jpsolidarnost.mk

3.УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Надзорен одбор на Јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
-е државјанин на Република Северна Македонија
-има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на Јавното претпријатие и
-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
Освен условите наведени во член 26 од законот за јавни претпријатија, членот на Надзорниот

одбор во Јавното претпријатие треба да има и соодветно работно искуство и тоа:
-еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,
-еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење,
-еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.
Времетраењето на мандатот на членот Надзорниот одбор на Јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

4.РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Согласно член 27 од законот за јавните претпријатија, Надзорниот одбор ги има следните работни задачи, одговорности, права и обврски и тоа:
Заради вршење на работите на контрола Надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на Јавното претпријатие. Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документите и списите на Јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.
Членовите на Надзорниот одбор за контрола може да присуствуваат на седниците на Управниот одбор и им се доставува Покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор.
Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на Јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на Јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор за контрола.
Надзорниот одбор за контрола може да дава одобрение на актите донесени од Управниот одбор, доколку тоа е утврдено со Статутот на Јавното претпријатие.
Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното препријатие со свое мислење, Надзорниот одбор за контрола му го доставува на Министерот за финансии. Во извештајот до Министерот за финансии, Надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на Јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор за контрола копие од извештајот му доставува и на Министерот надлежен за работите на соодветната дејност.
Надзорниот одбор задолжително се состанува четири пати годишно.

5.НАДОМЕСТОК

Претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за секоја седница на Надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок, во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во Јавното претпријатие исплатена во претходната година.
Висината на надоместокот со одлука го утврдува основачот на Јавното претпријатие.
Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на Надзорниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, се:
1.Државјанство на Република Северна Македонија,
2.Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или областа на дејноста на Јавното претпријатие,
3.Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
4.Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж,
5.Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна, материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
6.Кратка биографија,
7.Писмо за интерес/мотивација,
8.Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

6.ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членот на Надзорниот одбор на ЈП „Солидарност“ - Виница се состои од две фази и тоа:

-административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик) и бодување и

-интервју

Точниот датум, време, место на одржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Виница www.vinica.gov.mk

7.РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 10.02.2025 година и трае 15 (петнаесет) работни дена односно најдоцна до 28.02.2025 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (кој е прилог на повикот), да ја достават до:

Општина Виница ул.„Бел Камен“ број 13 2310 Виница или во архива на Општина Виница (со назнака: За Јавен повик за именување на член на Надзорен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница).

Краен рок за поднесување на Пријавите е 28.02.2025 година.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок, нема да се разгледуваат.

Доставените прилози не се враќаат.

Доставено до:
-Градоначалник
-ЈП „Солидарност“-Виница
-Архива

Број 09-86
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница

1.Се објавува Решението за формирање на Комисија за селекција за избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница, донесена на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-87/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“), а во врска со член 26-а од законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ број 275/19, 89/22 и 274/22“), член 21 став 1 точка 42 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“) и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Сл.весник на Република Северна Македонија број 283/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

РЕШЕНИЕ
За формирање на Комисија за селекција за избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ – Виница

Член 1

За членови на Комисијата за селекција за избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница, се именуваат:

1.Кире Андреев Претседател, вработен во општина Виница

-Благица Ристова Заменик Претседател, вработена во општина Виница

2.Даниела Јаковлеска Член, вработена во одделение за човечки ресурси во општина Виница

-Златко Стефановски Заменик член вработен во одделение за човечки ресурси во општина Виница

3.Мартин Манов Член вработен во Јавно претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница

-Благој Соколов Заменик член вработен во Јавно претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница

Член 2

Комисијата од член 1 на ова Решение е должна да ја спроведе постапката за селекција на кандидати по објавениот Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор на јавните претпријатија.

Член 3

Комисијата изготвува ранг - листа со предлог на кандидати за член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие која ја доставува до основачот на Јавното претпријатие заради донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие.

Член 4

Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-87
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

11

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за неусвојување на Извештај за реализирани активности на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов“-Виница за 2024 година

1.Се објавува Заклучокот за неусвојување на Извештај за реализирани активности на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов“-Виница за 2024 година, донесен на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-88/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За неусвојување на Извештај за реализирани активности на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов“ Виница за 2024 година

1.Не се усвојува Извештајот за реализирани активности на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов“ - Виница за 2024 година.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-88
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

12

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на Локалниот Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница за 2024 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Локалниот Археолошки и историски Музеј „Теракота“- Виница за 2024 година, донесен на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-89/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Извештај за работата на Локалниот Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница за 2024 година

1.Се усвојува Извештајот за работата на Локалниот Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница за 2024 година.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-89
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

13

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за усвојување на Измена на Годишен Финансиски план за 2025 година на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Измена на Годишен Финансиски план за 2025 година на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница, донесена на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-90/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 13 од законот за музеите („Сл.весник на РМ број 66/04“), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,

12/2014, 4/2019, 12/2022), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За усвојување на Измена на Годишен Финансиски план за 2025 година на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница

Член 1
Се усвојува Измената на Годишниот Финансиски план за 2025 година на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница.

Член 2
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-90
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____
14

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за давање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2025 година на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2025 година на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница, донесена на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-91/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 20-б став 1 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018“ и Службен весник на Р.С.Македонија број 143/2019, 14/2020“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За давање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2025 година на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница

Член 1
Се дава Согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница, број 01-140 од 14.08.2024 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-91
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____
15

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Решение за престанок на мандатот на член на Управен одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница

1.Се објавува Решението за престанок на мандатот на член на Управен одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“-Виница, донесено на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-92/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

РЕШЕНИЕ
За престанок на мандатот на член на Управен одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница

Член 1
На Членот на Управниот одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница Јовица Илиев од с.Пекљани претставник од редот на вработените во Музејот, именуван со Решение број 09-53 од 20.01.2021 година, му престанува функцијата член, поради истек на мандатот.

Член 2
Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-92
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

16

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Решение за разрешување член на Управен одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница

1.Се објавува Решението за разрешување член на Управен одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“-Виница, донесено на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-93/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-56 од 23.01.2025 година, Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

РЕШЕНИЕ
За разрешување член на Управен обор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница

Член 1
Членот на Управниот одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“-Виница Верица Атанасова од Виница, претставник од редот на истакнати поединци од областа на културата, именувана со Решение број 09-1055 од 27.12.2021 година, се разрешува на свое барање поради постоење на судир на интереси.

Член 2
Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-93
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____
17

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за именување член на Управен одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“ - Виница

1.Се објавува Решението за именување член на Управен одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“-Виница, донесено на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-94/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

За именување член на Управен одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“-Виница

Член 1
За член на Управниот одбор на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“-Виница, претставник од редот на истакнати поединци од областа на културата, се именува:

- Даниела Костов од Виница, дипломиран професор по одделенска настава

Член 2
Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-94
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____
18

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“- Виница за 2024 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница за 2024 година, донесен на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-95/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештај за работата на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ Виница за 2024 година

1.Се усвојува Извештајот за работата на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ - Виница за 2024 година.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-95
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____
19

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за пожарите на ТППЕ Виница за 2024 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен Извештај за пожарите на ТППЕ - Виница за 2024 година, донесен на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-96/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишен извештај за пожарите на ТППЕ Виница за 2024 година

1.Се усвојува Годишниот извештај за пожарите на Територијалната противпожарна единица Виница за 2024 година.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-96
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____
20

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа на ТППЕ Виница за 2025 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Програма за работа на ТППЕ Виница за 2025 година, донесен на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-97/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Програма за работа на ТППЕ Виница за 2025 година

1.Се усвојува Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица Виница за 2025 година.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-97
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____
21

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за повлекување на 21-та точка од Дневен ред

1.Се објавува Заклучокот за повлекување на 21-та точка од Дневниот ред: Барање од Ибраим Салиов од Виница на финансиска помош, за лекување, донесен на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-98/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За повлекување на 21-та точка од Дневен ред

1.21-та точка Барање од Ибраим Салиов од Виница на финансиска помош, за лекување, се повлекува од Дневниот ред на 38-та седница на Советот.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-98
30.01.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____
22

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за одобрување финансиска помош на Менду Асанов од Виница, за лекување

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Менду Асанов од Виница, за лекување, донесена на 38-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.01.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-99/2
30.01.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-36 од 15.01.2025 година, согласно Правилникот за критериумите

и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица, број 09 - 674 од 31.05.2022 година, Советот на општина Виница на 38-та седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
